Варвара Стојановска Чукиќ, лиценциран психолог, член на Надзорен Одбор при” Комора на психолози на Р. С. Македонија “.

Работи во Центарот за самоактуализација”ПОТЕНЦИЈАЛ-В” ДООЕЛ Скопје, од 2017 година.

Магистрирано има на Унивезитетот ”Св.Кирил и Методиј“-Скопје, Филозофски Факултет - Институт за психологија , насока - Личност и советување , во јули 2014 година на тема *“Поврзаност помеѓу перцепирани родителски стилови и некои аспекти на самоактуализација кај студенти“.*

Дипломирано има на “Меѓународен Славјански Универзитет”, Факултет по психологија, - Св. Николе, во декември 2018 година, на тема*”Асертивност како психолошки конструкт во социјалната интеракција”.*

Во 2012 година, завршува *Интегративна психотерапија и личен развој во Центарот за развој, советување и психотерапија -Скопје* . Во Декември 2014 година , завршува едногодишна коачинг школа во Лондон , *на Institute for Professional Excellence in Coaching* , Certified Professional Coach, USA.

Преку А*социјација за Когнитивна Бихејвиор Психотерапија на Република Македонија*, се обучува и завршува когнитив бихејвиор психотерапија во 2015 година .

Во 2019 година, завршува системска и семејна психотерапија при *Институт за брак, семејство и системска пракса, Центар за едукација,психологија и советување*
*Школа за семејна и системска психотерапија ”Алтернатива” Скопје.* 2021 ги завршува и супервизиските часови и се стекнува со диплома за Европски сертифициран системски и семеен психотерапевт.

Во периодот од 2015-2019 година се здобива со диплома за тренер за неколку тренинзи како :
Автоген тренинг-техника за справување со стрес, Асертивен тренинг и Емоционална интелигенција,преку *Удружење за психолошку едукацију “Психорелакс “ Нови Сад.*

Во 2023 година, завршува Емоционално фокусирана индивидуална терапија и Емоционално фокусирана терапија за парови, преку*”Creating Connection – EFT*“ Athens, Greece.

До почетокот на 2010 година , има 14 годишна успешна кариера во областа на сметководство и финансии. Работено има во неколку компании , со последна позиција – финансов раководител. Дипломирано има на Униреритетот “Св.Кирил и Методиј”- Скопје, Економски Факултет, насока – Деловна економија.